д-р Софија Георгиевска

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ВО СКОПЈЕ

Број 1143

Скопје, 31 март 2017 година

Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје (**д-р Александар Симеонов**)..........326-337

## ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Алгоритам за проценка на хромозомски абнормалности на плодот кај рани спонтани абортуси** од **м-р Катерина Кубелка-Сабит**, пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје..........338-344
2. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Викторија Вељаноска, Агон Хоти, Селвета Шулета**)..........345-346

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница) и методологија и статистика на социјални истражувања на Филозофскиот факултет во Скопје (**д-р Софија Георгиевска**)..........347-369
2. Рецензија на ракописот **Социологија** од авторот **проф. д-р Илија Ацески**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје..........370-380
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Стратегиските партнерства на Европската Унија како инструмент на заедничката надворешна и безбедносна политика во контекст на мултиполарниот поредок** од **м-р Јован Манасијевски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........381-389
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Драгана Јованоска, м-р Есат Елези, д-р Наум Илиевски, м-р Лета Бардиева Миовска, м-р Александар Василески**)..........390
5. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Ненад Саздовски, Коста Митрески, Александар Ликарески, Благица Димитрова, Алисија Колевска, Маја Христовска Ташковска, Анета Петровска, Јасмина Гудоманова, Ема Зафирова, Јоана Шишкова**)..........391-392

## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): германистика, применета лингвистика и компаративна лингвистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**д-р Бисера Станкова**)..........393-411
2. Рецензијата за оцена на докторската дисертација **Репрезентација на политичкото насилство во наративните текстови (врз од примери од латиноамериканската и македонската проза и филм)**, пријавена од **м-р Славица Гацова** на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје..........412-422
3. Рецензијата за оцена на докторската дисертација **Падежниот систем во албанскиот и во латинскиот јазик (компаративно-контрастивна анализа)**, од **м-р Шејнахе Аљими-Мургели**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје..........423-430
4. Рецензијата за оцена на докторската дисертација **Топонимите на балканските земји во османската историографија и патеписна литература**, изработена

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СОЦИЈАЛНА РАБОТА (ВО ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДРУГО), МЕТОДИКИ НА СОЦИЈАЛНА РАБОТА (ПОЕДИНЕЦ, ГРУПА, ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА) И МЕТОДОЛОГИЈА И СТАТИСТИКА НА СОЦИЈАЛНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет в- Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза" објавен во весникот, Нова Македонија од 24.12.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница) и методологија и статистика на социјални истражувања, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот/, бр. 04-43/3, донесена на 1.2.2017 година на XXXII редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Аница Драговиќ, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Сунчица Димитријоска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Иван Трајков, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница) и методологија и статистика на социјални истражувања, во предвидениот рок се пријави д-р Софија Георгиевска, доцент.

### 11. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Софија Георгиевска е родена во Скопје на 28.9.1982. Средно образование завршила во Скопје, со континуиран одличен успех како првенец на генерацијата. По завршувањето на средното образование се запишала на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје, и студиите ги завршила со просечен успех 9.82. Како најдобар студент возавршната година на студии во текот на учебната 2004/2005 година на Филозофскиот факултет, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и била доделена наградата "26, јули-Франк Маннинг".

Паралелно со нејзиното школување, почнувајќи од основното образование, па до денес, активно се посветила и на изучувањето на странските јазици. Кандидатката активно ги користи: англискиот, германскиот, албанскиот и грчкиот јазик.

Во учебната 20.5/2006 се запишала на постдипломски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филозофски факултет - Институтот за социјална работа и социјална политика. Студиите ги завршила со просечен успех 9,87. На 22. 5.2008 година го одбрани магистерскиот труд на тема: *Испитување на нивото одина на емпатичност, алтруизам и асертивност со примена на мултиметодска триангулација кај*

*студентите од помагателните насоки*, по што се здоби со научен степен магистер по социјална политика.

Докторска дисертација пријавила на 10.12.2008 година, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Филозофски факултет - Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза". Дисертацијата на тема: *Насилство врз децата згрижени во установите за социјална заштита* ја одбранила на 4.11.2011 година пред Комисија во состав: проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, проф. д-р Сунчица Димитријсока, проф. д-р Весна Димитриевска, проф. д-р Аница Драговиќ и доц. д-р Наташа Богоевска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област социјална политика.

На 18.4.2011 година е избрана во звањето доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Филозофски факултет - Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза," во областите: социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница) и методологија и статистика на социјални истражувања.

Во моментот е доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет - Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза". Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1028 од 2.4.2012 година.

На совладување на компјутерските вештини им се посветила уште од основното училиште, а денес успешно ги користи апликативните програми: Microsoft Office™ tools (Word™, Excel™ and PowerPoint™); SPSS (Statistical Package for Social Sciences); Internet.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 951 од 3.11. 2008 година, бр. 1016 од 3.10. 2011 година, и билтен бр.1028 од 2.4.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 12. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет - Скопје, кандидатката д-р Софија Георгиевска изведува настава и вежби на прв, втор и трет циклус студии на студиските програми на Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза„ и на Институтот за семејни студии на Филозофскиот факултет во Скопје.

На прв циклус студии при Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза" кандидатката д-р Софија Георгиевска изведува настава и вежби по предметите: методологија и статистика во социјална работа, Социјална работа со деца и млади во ризик, Квалитативни и квантитативни истражувања и вештини и техники во социјална работа. На Институтот за семејни студии изведува настава по предметот Семејството и генерациската солидарност.

На втор циклус студии при Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза", изведува настава на три студиски програми. На постдипломските студии по социјална работа и социјална политика изведува настава по предметите: Истражувачки и практични методи и техники во социјална работа и Креативни техники

во социјална работа. На постдипломските студии по социјален менаџмент изведува настава по предметите: Евалуација и истражувачки методи и менаџирање со граѓански здруженија. На специјалистичките студии по социјална работа во здравство изведува настава по предметите Клинички менаџмент на случај и Психосоцијална помош и поддршка.

На трет циклус студии по социјална работа и социјална политика, д-р Софија Георгиевска изведува настава по предметите Методологија на научноистражувачката работа со примена и примери во подрачјето на општествените науки (социјална работа и социјална политика), Однесување и психосоцијален развој во социјалната средина и Концепт на емоции во социјалната работа.

Кандидатката била ментор на 20 дипломски трудови.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 162 дипломски, 13 магистерски трудови и на 3 докторски дисертации.

Кандидатката е коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник (во 2014 година, рецензенти: д-р Сунчица Димитријоска, професор на УКИМ, Филозофски факултет - Скопје и д-р Јелисавета Тодоровиќ, Универзитет во Ниш, Филозофски факултет -Ниш), во под наслов *Вештини и техники во социјална работа*. Трудот ги опфаќа потребните вештини кои е потребно да ги поседуваат социјалните работници за да бидат успешни на работното место – управување со време, делегирање, водење на ефективни состаноци, емоциаонална интелигенција, комуникациски вештини, асертивност, конфликит и стрес- менаџмент.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, број 274 од 31 декември 2013 година) комисијата констатира дека д-р Софија Георгиевска од областа на наставно-образовната дејност остварила вкупно 167,6 поени и со тоа повеќекратно го надминала минималниот бројот поени кој е неопходен за избор во звањето вонреден професор.

Конкретните активности на кои припаѓаат во наставно-образовната дејност релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2 согласно член 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

## Научноистражувачка дејност

Д-р Софија Георгиевска има објавено 22 научни трудови од областа на социјалната политика и социјалната заштита, од кои 1 монографија во коавторство објавена во странство, 4 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно / стручно списание, 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во реферетно научно / стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, 6 труда со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор, 8 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор и 2 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир.

Кандидатката има остварено 3 секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество, 7 учества на научен/стручен собир со реферат/ усна презентација и 10 апстракти објавени во зборник на конференција.

Д-р Георгиевска учествувала како член во три научни проекти, од кои во еден во улога на национален консултант.

- *Претставување на улогата на општините и давателите на услугите* (Portraying the roles of municipalities and social service providers), UNDP, номеври 2012-2013 (национален консултант);
- *Истражување на стипендиите на студентите Роми во здравство и нивната транзиција од студии до вработување* (Investigation on Roma Health Scholarship Program (RHSP) beneficiaries' transition from studies to employment), Open Society Hungary and REF, септември- декември 2016 (истражувач- консултант);
- *Поддршка на граѓанското општество во креирање политики за социјална кохезија и диверзитет* (подготовка на истражување (документи за јавни политики) и учество во јавни дебати во рамки на проектот, Хелсиншки комитет, Скопје, декември 2016-јуни 2017.

Во поглед на научноистражувачката работа може да се констатира дека кандидатката д-р Софија Георгиевска имала значајни ангажмани и остварила забележителни резултати. Таа има подготвено голем број на извештаи, анализи и студии чиј главен фокус се истражувања, анализа и проверка на постојните знаења во социјалната работа, методики на социјална работа и методологија и статистика на социјални истражувања.

Сознанијата добиени преку богатата научноистражувачка дејност на кандидатката д-р Георгиевска се презентирани на реномирани научно-стручни собири организирани од домашни и странски универзитети и истражувачки центри. Кандидатката учествувала со трудови на 17 меѓународни научни конференции, симпозиуми и семинари каде што успешно ги претставувала Институтот, Филозфскиот факултет и Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" и истовремено ги афирмирала своите-стручни квалитети, при што, континуирано се занимава и ги истражува современите теми за заштита на правата на децата, особено децата под ризик, децата без родители и родителска грижа и децата со посебни потреби, вештините и компетенциите кои е потребно да ги поседуваат вработените за успех на работното место, како и изворите на стрес и мобинг на работното место. Овие и слични теми, кандидатката д-р Георгиевска континуирано ги актуализира и елаборира преку објавување на научни и стручни трудови, но и презентирање на студија на случај (Република Македонија) на меѓународни научни собири. Со тоа, кандидатката д-р Георгиевска ја збогатува, и во исто време ја афирмира македонската научна мисла и социјална наука на меѓународната научна сцена.

Кандидатката била ментор на 3 магистерски труда.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, број 274 од 31 декември 2013 година), Комисијата констатира дека д-р Софија Георгиевска од областа на научноистражувачката дејност остварила вкупно 101.5 поени и со тоа го надминала минималниот број поени кој е неопходен за избор во звањето вонреден професор.

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачка дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3 /член 4) од Правилникот за избор со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Софија Георгиевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа во повеќе области.

Кандидатката д-р Софија Георгиевска остварила експертски активности во доменот на истражувањата во социјалната политика и социјалната заштита, како изработувач на анализи во физибилити- студијата *Анализа на квалитетот и стандардите за грижа за деца* но и како национален експерт во следниве проекти:

- Развој на социјални карти, промовирање на социјална инклузија преку вработеност, Коалиција СЕГА (Development of Social Cards, Fostering social inclusion through employability enhancement „Open door – for youth by youth", Coalition SEGA, јуни 2016 јули 2016, *Зајакнување на националните капацитети во услови на хуманитарно-вонредна состојба*, Save the Children, декември, 2016 – март, 2017 (национален експерт);
- *Преку социјални договори до одржливост*, СОС Детско село- Македонија, 2016-2017 година.

Д-р Георгиевска покажува активности и во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена и ги извршува благовремено и одговорно обврските како:

- координатор за Еразмус- мобилност на Филозофскиот факултет (2013-тековно);
- член на координативно тело за ЕКТС на Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза" (2013-2015).

Кандидатката д-р Георгиевска од 2014 година е член на уредувачкиот одбор на Меѓународното списание *Ревија за социјална политика* во издание на Филозофски факултет, Скопје. Исто така, кандидатката била член на програмскиот одбор на Меѓународната научна конференција *Достигнувањата и перспективите на социјалната работа и социјалната политика*, во организација на Филозофскиот факултет во Скопје – Институт за социјална рабта и социјална политика „Мајка Тереза", во 2014 година, како и член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир- 11. Меѓународна конференција – Денови на применета психологија, 2015 (*11th International Conference - Days of applied psychology* 2015), Универзитет во Ниш, Филозофски факултет, Ниш, Р Србија.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, број 274 од 31 декември 2013 година), Комисијата констатира дека д-р Софија Георгиевска од областа на стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес остварила вкупно 14.5 поени и со тоа го надминала минималниот бројот поени кој е неопходен за избор во звањето вонреден професорКонкретните активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (согласно со член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Софија Георгиевска, во академската 2013/2014 година, доби позитивна оценка (9,50 по предметот Методологија на социјални истражувања со статистика) од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза" при Филозофскиот факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Софија Георгиевска.

Кандидатката д-р Софија Георгиевска има остварено релевантно научно и стручно творештво за што потврда се бројните домашни и меѓународни ангажмани во кои кандидатката на мошне успешен начин ги поврзува теоретските и апликативните знаења и дава личен придонес во сферата на истражувањата на социјалната работа.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Софија Георгиевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **вонреден професор** во научните области: социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница) и методологија и статистика на социјални истражувања.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Софија Георгиевска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научните области: социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница) и Методологија и статистика на социјални истражувања.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

13. Проф. д-р Аница Драговиќ
с.р.

14. Проф. д-р Сунчица Димитријоска
с.р.

15. Проф. д-р Иван Трајков с.р.

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Софија Митко Георгиевска

**Институција:**

Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика

**Научна област:**

социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и друго), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница) и методологија и статистика на социјални истражувања.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава (предавања) од I циклус студии** | **20.4** |
| 1. | Методологија на социјални истражувања со статистика, летен семестар 2012/13 *3часа * 15 недели *0,04* | 1,8 |
| 2. | Социјална работа со деца и млади во ризик, летен семестар 2012/13 *3часа * 15 недели *0,04* | 1,8 |
| 3. | Методологија на социјални истражувања со статистика, летен семестар 2013/14 *3часа * 15 недели *0,04* | 1,8 |
| 4. | Социјална работа со деца и млади во ризик, летен семестар 2013/14 *3часа * 15 недели *0,04* | 1,8 |
| 5. | Методологија и статистика во социјална работа, зимски семестар 2014/15 *4часа * 15 недели *0,04* | 2,4 |
| 6. | Методологија и статистика во социјална работа, зимски семестар 2015/16 *4часа * 15 недели *0,04* | 2,4 |
| 7. | Квалитативни и квантитативни истражувања во социјалната работа, зимски семестар 2015/16 *2часа * 15 недели *0,04* | 1,2 |
| 8. | Социјална работа со деца и млади во ризик, летен семестар 2015/16 *2часа * 15 недели *0,04* | 1,2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 9. | Вештини и техники во социјална работа, летен семестар, 2015/16 *4часа * 15 недели *0,04* | 2,4 |
| 10. | Методологија и статистика во социјална работа, зимски семестар 2016/17 *4часа * 15 недели *0,04* | 2,4 |
| 11. | Квалитативни и квантитативни истражувања во социјалната работа, зимски семестар 2016/17 *2часа * 15 недели *0,04* | 1,2 |
| | **Вкупно** | **20.4** |
| | **Одржување на настава (вежби) од I циклус студии** | |
| 1. | Ментално здравје во заедница, зимски семестар 2012/13 (две групи) *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 2. | Психосоцијален развој, летен семестар 2012/13 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 3. | Методологија на социјални истражувања со статистика, летен семестар 2012/13 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 4. | Социјална работа во локална заедница, зимски семестар 2012/13 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 5. | Тераписки техники и вештини во социјална работа, зимски семестар 2012/13 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 6. | Социјална работа со деца и млади во ризик, летен семестар 2012/13 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 7. | Ментално здравје во заедница, зимски семестар 2013/14 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 8. | Психосоцијален развој, летен семестар 2013/14 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 9. | Методологија на социјални истражувања со статистика, летен семестар 2013/14 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |
| 10. | Социјална работа во локална заедница, зимски семестар 2013/14 *2групи*2часа * 15 недели *0,03* | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 11. | Тераписки техники и вештини во социјална работа, зимски семестар 2013/14 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 12. | Социјална работа со деца и млади во ризик, летен семестар 2013/14 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 13. | Групна социјална работа, летен семестар 2013/14 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 14. | Методологија и статистика во социјална работа, зимски семестар 2014/15 3групи*2часа * 15 недели *0,03 | 2,7 |
| 15. | Ментално здравје во заедница, зимски семестар 2014/15 3групи*2часа * 15 недели *0,03 | 2,7 |
| 16. | Психосоцијален развој, летен семестар 2014/15 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 17. | Превентивна социјална работа, зимски семестар 2014/15 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 18. | Методологија и статистика во социјална работа, зимски семестар 2015/16 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 19. | Квалитативни и квантитативни истражувања во социјалната работа, зимски семестар 2015/16 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 20. | Социјална работа со деца и млади во ризик, летен семестар 2015/16 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 21. | Вештини и техники во социјална работа, летен семестар, 2015/16 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 22 | Методологија и статистика во социјална работа, зимски семестар 2016/17 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| 23. | Квалитативни и квантитативни истражувања во социјалната работа, зимски семестар 2016/17 2групи*2часа * 15 недели *0,03 | 1,8 |
| | **Вкупно** | 43.2 |
| | **Одржување на настава од II циклус на студии** | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Истражувачки и практични методи и техники во социјална работа, летен семестар, 2012/13 *2часа * 6 недели *0,05* | 0,6 |
| 2. | Креативни техники во социјална работа, зимски семестар, 2012/13 *2часа * 5 недели *0,05* | 0,5 |
| 3. | Истражувачки и практични методи и техники во социјална работа, летен семестар, 2013/14 *2часа * 6 недели *0,05* | 0,6 |
| 4. | Креативни техники во социјална работа, зимски семестар, 2013/14 *2часа * 5 недели *0,05* | 0,5 |
| 5. | Истражувачки и практични методи и техники во социјална работа, летен семестар, 2014/15 *2часа * 6 недели *0,05* | 0,6 |
| 6. | Креативни техники во социјална работа, зимски семестар, 2014/15 *2часа * 5 недели *0,05* | 0,5 |
| 7. | Истражувачки и практични методи и техники во социјална работа, летен семестар, 2015/16 *2часа * 6 недели *0,05* | 0,6 |
| 8. | Креативни техники во социјална работа, зимски семестар, 2015/16 *2часа * 5 недели *0,05* | 0,5 |
| | **Вкупно** | 4,4 |
| | **Настава во школи и работилници** | |
| 1. | *Development of Social Services for Vulnerable Groups at the Local Level*, November 2012/January 2013 (**Gostivar, Resen, Kocani, Skopje**), UNDP Ministry of Labour and Social Policy (раководител на работилницата) *(4 работилници *1,5)* | 6 |
| 5. | Обука: Училиште за јавни политики, Центар за истражување и креирање на политики, септември 2012- септември, 2013 (учесник на обука) *(1 обука *1,0)* | 1,0 |
| 6. | Обука: Ethics and Attitudes in Social work users of Mental Health Services, 28.08-01.09.2013, DAAD, Бар, Црна Гора (учесник на обука) *(1 обука *1,0)* | 1,0 |
| 7. | Обука за даватели на услуги во семеен центар, Град Скопје и ХЕРА, 13.-15.9.2013, Скопје, Македонија (учесник на обука) *(1 обука *1,0)* | 1,0 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 8. | Тренинг: Анализа на детски цртеж, Ars pueri, 7-10.11.2013, Бари, Италија (учесник на обука) *(1 обука *1,0)* | 1,0 |
| 9. | Трансакциона анализа и системска семејна терапија (300 часа), Модус центар- Скопје, 2013 (учесник на обука) *(1 обука *1,0)* | 1,0 |
